Јавна установа
Institucioni publik
"ДЕТСКИ КУЛТУРЕН ЦЕНТАР КАРПОШ"
"QENDRA KULTURORE PËR FËMIJË-KARPOSH"
Скопје-Република Македонија
Shkup-Republika Maqedonisë

Број/numër 04-29/3
Дата/data 26. 01. 2016

Врз основа на член 26 став 1 точка 14 од Статутот на Јавната установа Детски културен центар „Карпош„ - Скопје Директорот на ден ____2016 година донесе

# П Р А В И Л Н И К
## За донесување мерки за превентивна заштита и унапредување на животната средина на Јавна установа Детски културен центар „Карпош„ - Скопје

**I.Основни одредби**

Член 1

Со овој Правилник се утврдува донесување мерки за превентивна заштита и унапредување на животната средина при остварување на основната дејност на установата во извршувањето на вонучилишната, воспитно - образовната, социјалната, забавната и рекреативната дејност на децата од предучилишна дејност до 18 години.

Член 2

Во остварување на основната дејност, установата ги интегрира децата во активностите на Центарот и општествениот живот на градот и земјата, го насочува нивниот индивидуален развој преку креативни, педагошки, забавни и рекреативни активности, со обезбедување нивно масовно членство, организирани во клубови, секции, изложби,манифестации, советувања и др.

Член 3

Процесот на интеграција на децата во активносите на Центарот согласно Програмската дејност, се остварува преку внатрешните организациони единици, односно музичкиот оддел, хуманитарниот, драмски, ликовен, за меѓународна соработка и спортски.

**II.Превентивна заштита**

Член 4

Активноста на Центарот во внатрешните организациони единици, ја реализира во соработка со основните училишта, детски градинки, просветните работници и сите сојузи, здруженија и институции во земјата и странство, чија дејност е вонучилишно воспитување и образовние на децата.

Активностите на Центарот се одвиваат и надвор од него ( изнајмен простор) за кој треба однапред да има склучен договор помеѓу двете институции со почитување на одредбите од истиот.

Член 5

Овие активности со децата Центарот ги реализира со професионални кадри – инструктори, чие усовршување е континуирано и чија основна обврска, освен воспитно - образовната, социјалната, забавната и рекреативната дејност на децата, е и нивната безбедност при членувањето во секциите.

Член 6

При спроведувањето на активностите треба јасно да се следат дадените инструкции од професионалните кадри – инструктори за непречено да се реализира активноста.

Пред отпочнување на активноста Инструкторот е должен навремено да биде присутен и да ги прифати децата и по завршување на активноста да ги испрати во согласност со усниот договор со родителот/старателот на детето .

Член 7

Корисниците на услугите на Центарот се информираат за активностите преку флаери за вклучување во секциите или активности кои ги нуди Центарот во него и надвор од него ( во изнајмен простор).

Член 8

Центарот води грижа за здравјето и животот на децата со спроведување на Конвенцијата за заштита на правата на децата.

Член 9

Со овој правилник се утврдуваат обврски за Центарот, вработените и инструкторите, за соодветна грижа на децата и клаузули за нивна заштита.Овие клаузули се однесуваат на активностите во сите секции и предвидуваат исклучително почитување на инструкциите за заштита, дадени од страна на инструкторите.

Во таа насока инструкторот е должен да врши постојан надзор над активностите на децата.

**III.Завршни одредби**

Член 10

Правилникот за донесување мерки за превентивна заштита и унапредување на животната средина на Јавна установа Детски културен центар „Карпош„ – Скопје, го донесува Директорот и ќе биде објавен на огласната табла на Центарот.

Член 11

Овој правилник влегува во сила и ќе се применува со денот на неговото донесување.

Директор

Ружа Ѓорѓеска